КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ
И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 02-677/4
09.06. 2016 год
СКОПЈЕ



9 јуни 2016

**Кон изборниот процес во Комората за мандатот 2016-2020**

Почитувани членови на Собранието на Комората,

Во завршна фаза сме од третите Коморски избори од основањето на Комората. Ова се воедно први избори каде има повеќе од еден кандидат за Претседател на Комората, повеќе од еден кандидат за Председавач на Собранието на Комората и повеќе кандидати за скоро сите останати централни изборни функции. Истовремено, овие избори беа со значително поголема отвореност и про-активна комуникација со членството, што ги направи покомплексни за спроведување, но со добра цел. Се донесоа детални упатства за спроведување на изборите, кои несомнено, базирано на искуствата стекнати од изборниот процес, ќе претрпат одредени измени во периодот кој следи.

Комората како институција има комплексна организациска структура. За разлика од унитарниот карактер на останатите струкови коморски здруженија во државата, нашата Комора има мултидимензионален карактер со 5 поголеми и 7 помали професионални одделенија. Законските, и обврските од актите на Комората за одделенска, територијална, национална и останата демографска застапеност во органите на Комората, создадоа дополнителни потешкотии за спроведување на изборите, кои ионака се комплексни со преку 50 изборни циклуси организирани низ државата во изминативе 3 месеци.

Управниот одбор вложи големи напори да се изнајде решение за состојбата, но за жал не успеа да донесе меѓусебен договор за одделенска распределба на изборните функции. Од една страна се јави реакција дека одделенската распределба на изборните функции води кон точно насочување кон индивидуи кои би биле носители на функциите, а од друга страна беа реакциите дека немањето на џентлменски договор ќе води кон доминација на поголемите над помалите. Ваквото несогласување, се чини беше повеќе резултат на личната нетрпеливост помеѓу членови на Управниот одбор, отколку на реални програмски несогласувања за иднината на Комората. Не се најде доволно сила да се стават личните интереси настрана, и да се направи кадрово освежување во извршните функции во Комората.

Изборите генерално се одвиваа во демократка и фер атмосфера. Се добија серија на позитивни реакции за поголемата отвореност во изборниот процес, но и критики и барања за измени во изборната регулатива. Немаше забелешки на изборните резултати од ниту едно одделение, и истите беа едногласно прифатени од одделенијата во постојното Собрание на Комората, што е позитивен сигнал. Сепак, до Комората стигнаа и реакции за суптилни притисоци, групирања и лобирања, кои сами-по-себе внесоа дополнителна доза на недоверба помеѓу одделенијата. Иако Комората ја имаше таа среќа да нема надворешни влијанија во изборниот процес, внатрешни сили внесоа елементи на тенденциозно рушење на усвоените одлуки и акти на Комората, вклучително и супилните притисоци да нема успешни избори, а со цел задоволување на лични интереси и амбиции.

Поделеноста помеѓу индивидуи во одделенијата водеше кон тоа да извештаите и мислењата од изборната комисија (кои се во рамките на донесените одлуки од повисоките органи на Комората) од некои учесници бидат третирани како атак врз едната или другата страна, со неосновани и политикантски етикетирања доколку се достави мислење кое не одговара на едните или другите. Барањата за бланко подршка, што само по себе е неинтелектуален чин, се сведоа на унилатерални желби, кои за жал дополнително ги нарушија меѓучовечките односи.

**Некои од основните забелешки** кои треба да се адресираат во наредниот период:

**Регионална поделеност.** Се јавија реакции за тоа дека е дозволено архитекти /инженери од еден регион да се кандидираат за делегати во друг регион. Упатствата тоа го дозволуваат поради постоењето на мобилност во инженерската струка, но вреди да се ревидира. Некои побараа уште поголема територијална поделеност (градови како Штип, Охрид немаат делегати во дел од одделенијата), а некои побараа поголема централизираност за да се поедностави процесот.

**Право на глас во повеќе одделенија**. Дали да се има право на глас во секое одделение каде припаѓа членот или само во матичното одделение? Од една страна, дозволувањето на право на глас во сите одделенија каде припаѓа архитектот/инженерот е чин на почит кон севкупната стручна припадност, но од друга страна се добива 'дупло' право на глас што има и доза на неправедност.

**Централизирано наспроти децентрализирано спроведување на изборите**
Изборите се спроведоа во доста централизиран процес, каде и апликациите и административната проверка беше кон централните служби на Комората. Гледајќи наназад, сметам дека погрешив што не предложив поголема децентрализација и вклучување на повеќе лица во процесот, со што веројатно и довербата ќе беше поголема.

**Активни или сите членови.** Се постави прашањето дали во одредена фаза на процесот на избори (во дефинирање на бројот на делегати по одделенија или во целиот изборен процес) да бидат вклучени сите или само активните членови на Комората. Ова остана како отворено прашање, иако едно од одделенијата се чини дека има дијаметрално спротивни ставови од останатите.

Го поздравувам новото Собрание и раководство на Комората, со надеж дека овие и сите останати наредни несогласувања ќе бидат решени во духот на меѓусебната почит и разбирање на разноликоста помеѓу одделенијата. Непостоењето на овие параметри само ќе ја внесе Комората во дополнителни проблеми, нејзино ослабување како институција и можен раздор во Комората.

Новото раководство на Комората треба да биде катализатор на позитивен развоен тренд на единството во Комората.

Димче Атанасовски
Генерален Секретар на Комората и
Координатор на изборните процеси во Комората